МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР

бр. 40

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 28 февруари 2019 г.

21

17 – Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР

0 – Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР

3 – Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР

14 – Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР

4 – Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 6 | 2 | 33.33% |
| МТСП | 1 | 0 | 0% |
| МИОА | 1 | 0 | 0% |
| МО | 2 | 0 | 0% |
| МВР | 6 | 2 | 33.33% |
| МЕ | 1 | 0 | 0% |
| МЗШВ | 1 | 0 | 0% |
| МП | 1 | 0 | 0% |
| МЗ | 1 | 0 | 0% |
| МТВ | 1 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 21 | 4 | 19.05% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

-

**кај 17 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

-

**4 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

---

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

---

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на февруари биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 28 февруари 2019 г., до Собранието беа поднесени вкупно 32 предлог-закони од кои за 21 предлог-закон постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од овие предлог-закони 17 беа ставени а 4 предлог-закони не се ставени воопшто на ЕНЕР за консултации со јавноста. Рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите 17 предлог-закони кои што беа ставени на ЕНЕР а статус на ЕНЕР е сменет во "Затворен" само кај 3 предлог-закони. Останатите 11 предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи на пратеници или се ратификација на меѓународна спогодба/конвенција.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, Предлог-закон за вршење на сметководствени работи, Предлог-закон за акцизите, предложени од **Министерството за финансии**, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, предложен од **Министерство за труд и социјална политика**, Предлог-закон за инспекциски надзор, предложен од **Министерство за информатичко општество и администрација,** Предлог-закон за класифицирани информации, Предлог-закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, предложени од **Министерството за одбрана,** Предлог-закон за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, Предлог-закон за изменување на Законот за следење на комуникациите, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци, предложени од **Министерството за внатрешни работи,** Предлог-закон за услуги, предложен од **Министерството за економија,** Предлог-закон за тутун, производи од тутун и сродни производи, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,** Предлог-закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, предложен од **Министерството за правда,** Предлог-закон за прекинување на бременоста, предложен од **Министерството за здравство,** Предлог-закон за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, предложен од **Министерството за транспорт и врски.**

Четирите предлог-закони за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост предложени од **Министерство за финансии**, Предлог-закон за Агенција за национална безбедност, Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, предложени од **Министерството за внатрешни работи.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

Предлог- закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk

## Предлог- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Предлог-законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се заснова врз начелата на законитост, професионалност, одговорност, отчетност и транспарентност. Предложениот закон за слободен пристап до информации од јавен карактер има за цел побрз пристап на барателите до информациите од јавен карактер, како и поголема транспарентност и отчетност на органите на државната власт и другите органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, политичките партии, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правните и физичките лица што вршат јавни овластувања, утврдени со Закон.

Новина на овој предлог-закон е фактот што се предлага Комисијата за пристап до информации од јавен карактер да престане да постои, а наместо Комисијата да се формира Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, како самостоен државен орган. Со предлог законот се регулираат нејзините надлежности и раководство, како и условите за именување и разрешување на директорот и неговиот заменик и статусот на вработените во Агенцијата. Исто така, утврдена е и обврската за Агенцијата да изготви заеднички извештај врз основа на добиените податоци од извештаите од имателите на информации за спроведување на Законот, кој најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година го доставува на усвојување до Собранието.

Предлог-законот при дефинирање на исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер врши намалување на случаите кога имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информации од јавен карактер. Дополнително, се предлага со значењето на изразот "иматели на информации" да се опфатат и политичките партии (во делот на приходите и расходите), како и правните и физичките лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон. Агенцијата на својата интернет страница треба да објави листа на иматели на информации и на службените лица на имателите на информации. Исто така, се предлага дефиниција за изразот "јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации како и рационализација на исклучоците од слободен пристап до информации. Следствено, според Предлог-законот, "јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува на интерес за информации, со чие што објавување, остварување пристап: 1. ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување; 2. ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3. ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4. ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5. ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6. ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавната политика или се води парламентарна дебата; и 7. ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Со Предлог-законот се уредени должностите на имателите на информациите од јавен карактер. Предмет на уредување е обврската за имателите на информации за редовно објавување на нивните веб страници и ажурирање на информации кои произлегуваат од нивните надлежности. Се врши таксативно и прецизно набројување на информациите за кои имателот е должен да ја информира јавноста и истовремено се врши зголемување на опфатот на информации.

Предлог-законот ја уредува постапката за остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер (усното и писменото барање, постапката на поставување, роковите, жалбената постапка). Според Предлог-законот, имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по писменото барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето, односно споредено со тековната одредба намален е максималниот рок за 10 дена. Дополнително, со Предлог-законот се уредени трошоците за посредување за информацијата. При тоа, се предлага увидот во бараната информација да е бесплатен, за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, барателот да плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци, а ако барањето се однесува на информација од поголем обем, имателот на информацијата да може да бара барателот да го даде однапред надоместокот за покривање на трошоците за добивање на информацијата. Се предвидува на предлог на Министерство за финансии, Владата да донесе акт со кој ќе се утврдува надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација.

Законот ќе почне да се применува шест месеци од денот на негово влегување во сила.